**Регионална енергетска конференција “Имплементирање на енергетски политики на локално ниво”**
**29-30 октомври 2012 во Скопје**

**Конференцијата е организирана од Европска комисија во рамките на програмата за Поддршка на локалната администрација (ЛАФ), Советот за регионална соработка и Аналитика**

Целта на конференцијата е собир на локалните власти од земјите од Западен Балкан, претставници од ЕУ институциите, експерти како и претставници од приватниот сектор, граѓанските здруженија и релевантни меѓународни институции со цел дискусија на можностите, стратегиите и политиките за зајакнување на капацитетите на локалните власти за менаџирање на проекти во областа на енергетиката и наоѓање на финансии. Идејата на конференцијата е да понуди заедничка платформа за размена и комуникација помеѓу различните чинители на тема енергетски политики и нивно имплементирање на локално ниво со крајна цел – придонес кон подобро имплементирање на енергетски политики на локално ниво во регионот.

Целна група на оваа конференција се локалните власти од земјите од Западан Балкан. Втора целна група се граѓанските здруженија и малите и средни претпријатија во областа на енергетиката. На конференцијата присутни беа претставници од општините од земјите од Западен Балкан како општина Карпош, Бања Лука, Подгорица итн.; претставници од меѓународните институции и донатори како НАЛАС, Секретеријатот при Енергетската заедница, Спогодба на градоначалниците, Комитетот на региони, Поддршка за инфраструктурни проекти во Западен Балкан, ГИЗ канцеларија Црна Гора; претставници од приватниот сектор како Топлификација Инженеринг; граѓански здруженија како SEE Change Net, ДООР итн.; експерти и професионалци кои работат во енергетската област.

Главните теми беа состојбата на енергетските политики на локално ниво низ земјите во регионот; потребата од регионална соработка во областа на енергетиката; предизвикот за финансирање на енергетски проекти на локално ниво како и важноста за меѓусекторска соработка во областа.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Локалните власти заостануваат во подготовка и имплементација на локални енергетски планови, што е посебено предизвик за малите општини. Ова е поради **недостаток на човечки ресурси** (недостаток на службеници кои работат на енергетски прашања/ недостаток на квалификувани службеници во планирање и менаџирање во областа на енергетиката). Друго важно прашање е **недостатокот на финансии** за имплементирање на енергетски планови и проекти.

Освен планирање и креирање на енергетски политики, важно е нивното **спроведување**. Ова преставува уште поголем предизвик, и затоа соодветните чинители треба да имаат сериозен пристап кон ова и да го надгледуваат процесот на имплементација.

Важни аспекти на **успешно имплементирани енергетски политики** на локално ниво го вклучуваат локалното население, посебно голем спектар на лица; креираат критичка маса за дејствување која води до промена на свеста; го олеснуваат пристапот до финансии; имаат различни видови на проекти вклучувајќи прогресивни проекти (кои вклучуваат поголеми инвестиции и подолг период на враќање на средствата) како искористување на обновливите извори, локални проекти за гасифицкација, градење на когенеративни постојки, креирање на правилници за локални енергетски политики доколку националните недостасуваат, проекти за греење и ладење, истражување; имплементаирање на пилот проекти и учење од нивното искуство; употребување на напредни технологии; подготовка на публикации со добри примери и споделување на сопственото искуство; едукација на целни групи; работа директно со граѓаните итн. Освен тоа, овие проекти вклучуваат **регионална, повеќесекторна и меѓусекторска соработка**. Исто така, важно е постоење на посебен тим за енергетика во локалните власти, како и посебен тим за развивање, подготовка и спроведување на енергетски проекти. Последно но не помалку важно е постоење на мотивиран и посветен тим во локалните власти кој ќе биде отворен за соработка со различни чинители.

За развој и имплементација на политики за енергетска ефикасност и обновливи извори потребно е **пристап од горе-надоле** како политичка волја, политичко обврзување, јасни владини политики и **активности од доле-нагоре** како вклучување на мислењето и придонесот на граѓанските здруженија, локалните власти, приватниот сектор, универзитетите итн.

Локалните, националните и регионалните власти треба **повеќе да бидат отворени за соработка** со граѓанските здруженија и треба да понудат транспарентно и отворено јавно учество (не само менаџирање на веб страна и собирање на коментари) и треба да биде истото организирано навреме, а не кога документите се готови, тука додека се во нивните работни верзии. Треба да се промовираат добрите постоечки канали на соработка.

Многу е важна соработката на регионално и европско ниво како и со различни чинители (институции, граѓански здруженија, приватен сектор, донатори, меѓународни институции итн.). Ваквата соработка може да придонесе кон **трансфер на знаење** (помалку искусниот учи од поискусниот во подготовка, имплементација на проекти, планирање и креирање на локални енергетски политики); **наоѓање на средства за енергетски проекти** (ЕУ фондовите бараат меѓусекторска и регионална соработка; поискусниот проектен партнер ја подготвува апликацијата, помалку искусниот учи од тоа искуство; доколку други средства освен буџетските се одобрени – повеќе буџетски средства остануваат за други проекти); како и **зајакнување на човечките капацитети на локалните власти** (проектни партнери од други институции и организации можат да им помогаат на локалните власти во развојот на нивната проектна идеја, процесот на апликација и имплменетација на проектот).

**Финансирање на енергетски проекти на локално ниво е голем предизвик**: освен сопствените буџетски средства; енергетските фондови во регионот или не постојат или се неразвиени; добивањето на ЕУ проекти не е лесна задача; има ограничен број на зелени кредити и нивото искорисување не е секогаш лесно бидејќи бара суверена гаранција. Затоа, повеќе внимание треба да се посвети на овој аспект. Некои примери на ко-финансирање од страна на граѓаните се покажало како позитивно бидејќи граѓраните сакаат да инвестираат доколку им се јасни бенефитите од проектот. Исто така има можности за грантови и заеми од Меѓународните финансиски институции (ИФИ). Инвестиционата рамка за Западен Балкан (WBIF) вклучувајќи ги Европската комисија и ИФИ се вбројуваат меѓу најрелеватните механизими за поддршка на Западен Балкан. Исто така има ограничен број на фондови за граѓански здруженија во областа на енергетиката.

Многу локални власти ги финансираат енергетските проекти од својот сопствен буџет, поради што го редуцираат бројот на проекти бидејќи буџетот е извор за финансирање за сите видови активности не само на енергетските. Со фокусирање на **наоѓање на средства за енергетски проекти надвор од општинските буџети**

(ЕУ проекти, билатералини донатори како Норвешка, ГИЗ, Германија, УНДП, УСАИД итн, финансирање преку приватниот сектор, граѓанскиот сектор или други институции кога тие се погодни за различни проекти во областа, јавни-приватни партнерства итн.), многу повеќе енергетски проекти ќе се имплементираат, ќе има поголем трансфер на знање и општинскиот буџет ќе биде релексиран за други важни проекти во општината.

Креирање на енергетски политики на локално ниво треба да биде идентификувано **како потреба** (за подобрување на страндардот на живеење на граѓаните) **а не како обврска** (која доаѓа од ЕУ политиките преточена во националните закони за енергетика во државите кои предвидуваат дека локалните власти треба да развиваат енергетски планови и програми). Локалните енергетски политики можат да ја подобрат економската ситуација на локално ниво и благосостојбата на граѓаните. Всушност, енергетските политики на локално ниво создаваат можност за отварање на **локални работни места** и вклучување на локалното население. Особено енергетската ефикасност е работа од локално значење во однос на активностите како имплементирање на мерки за енергетска ефикасност кои ги засегаат граѓаните најмногу заради зголемените цени на греење и електрична енергија. Освен тоа, локалните енергетски политики и посебно енергетската ефикасност играат клучна улога во борба против **енергетската сиромаштија**, која е потценет но акутен проблем од социјален карактер.

Локалните власти обично подготвуваат и имплементираат основни проекти за енергетска ефикасност како промена на уличното осветлување во енергетски ефикасно или сл. Обично не се преземаат **попрогресивни енергетски мерки** што е заради недостатокот на човечки и финансиски капацитети или недостаток на политичка волја. Штедењето на средства (инвестирањето во енергетска ефикасност се исплаќа по неколку години зависно од проектот, по кој период се заштедуваат средства) и подобрување на страндардот на живеење треба да се промовираат како причини за енергетски проекти.

Јавната сфера (националните и локалните власти) треба да бидат **пример за лидерство** во енергетска политика во подигање на свеста, имплементирање на политики и промовирање на позитивни резултати, давање поттик, привлекување на инвеститори, станување дел од регионални иницијативи, енергетски конзорциуми, мрежи (Спогодба на градоначалниците, НАЛАС итн) со тоа што другите сектори како и граѓаните можат да им се угледаат. Јавната набавка е еден начин со кој

јавниот сектор може да покаже такво лидерство, на пример да не дава предност само на цената, туку во предвид да ги земе и еколошките производи и услуги.

Со креирање на локални енергетски политики и проекти, локалните власти можат да бидат мотори на промена и развој. Ова бара поголема **само-инцијатива**. Локалните власти се најблиску до граѓаните; ги знаат нивните локални потреби, локалниот енергетски потенцијал и предизвици; можат да бидат проактивни во привлекување на инвестори со намалување на локалните даноци, градење на сопствениот кредибилитет и добар имиџ итн. Исто така потребно е самоодговорност на градоначалнивците и енергетските менаџери.

Иако службениците во општините кои работат на енергетски прашања се запознаени со позитивните ефекти на енергетските проекти и се за понатамошен развој и имплементација на енергетски политики, обично тие не се клучните лица кои одлучуваат за тоа колку и кои енергетски проекти ќе се имплементираат. Затоа, донаторите, меѓународниот фактор, граѓанските здруженија, приватниот сектор и институциите на државно ниво треба да ги таргетираат донесувачите на одлуки на локално ниво како **градоначалниците, шефовите на одделите за енергетика или локален развој, локалните совети кои одлучуваат за финансиите, енергетските менаџери** итн.

Подигање на свеста е предизвик бидејќи бара време за убедување на чинителите и граѓаните за потребата и користа за креирање и имплементирање на енергетски политики поради фактот дека ефектите од политиките за енергетска ефикасност и обновливи извори не се видлви (не се видливи како нов парк, ново игралиште итн.) и нивниот период на враќање на средствата обично изнесува неколку години. Затоа, ваквите активности кои ги таргетираат граѓаните треба да вклучуваат **едукација и тренинзи** – тие се потребни за граѓаните да ги „видат“ и разберат влијанијата и ефектите од енергетските политки. Не е ефективно само информирање без едукација. Исто така, енергетската ефикасност треба да се презентира пред граѓаните како инвестиција бидејќи по периодот на враќање на средствата се заштедуваат финансии.

Соодветните **државни власти треба да ја олеснат работата на локалните власти** во областа на енергетиката со усвојување на соодветните енергетски подзаконски акти на државно ниво како и отстранување на сите правни, административни и финансиски бариери со цел помагање во имплементацијата на локалните енергетски политики.

Треба да се анализираат и дискутираат важни аспекти како **корупција во енергетскиот сектор** земејќи во предвид дека енергетскот сектор е еден од најизложените на корупција поради капиталниот интензитет на енергетските инвестиции.

*Подготвено од: Ана Стојиловска, Аналитика:* astojilovska@analyticamk.org